Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок наден од дневните настани 10.12.2023

Денеска (10.12.2023) во 00.05 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Д.(20) од Куманово, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.12.2023 во 20.15 часот во с.Грчец, скопско, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода М.Л.(42) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (10.12.2023) во 00.05 часот во Гевгелија полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Гевгелија го лишиле од слобода С.Т.(23) од Гевгелија, бидејќи кај него биле пронајдени марихуана, прашкаста материја и тврда материја во кристали. За настанот е запознаен Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Гевгелија и по негово документирање против С.Т. ке биде поднесена соодветна пријава.

На 10.12.2023 во 01.10 часот во Кичево, лишен од слобода е С.А.(26) од Кичево, бидејќи кај него од страна на полициски службеници била пронајдено и одземено пакување со растителна материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 10.12.2023 во периодот од 00.00 до 04.00 часот, полициски службеници од СВР Битола спроведа акциска контрола на подрачјето на Битола за присуство на малолетни лица во угостителските објекти во Битола. При контролата во угостителски објект „Іоцирам на Градското шеталиште биле затекнати две малолетни лица после 24 часот, од кои едното било под дејство на алкохол. Малолетните се предадени на родителите, а по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 09.12.2023 во 19.50 часот во Тетово на ул.„Благоја Тоска" полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода С.А.(48) од с.Требош, тетовско, поради тоа што спречувал давања инспектори од УЈП при вршење службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (09.12.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 285 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 107 санкции, 14 мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за користење мобилен телефон при возење, 17 мерки за некористење на сигурносен појас, 15 санкции за управување под дејство на алкохол...

Вчерашевер и ноќесва (09/10.12.2023) од 23.00 до 05.00 часот на подрачјето на СВР Тетово спроведена е акциска контрола на возните кои ги управуваат возилата под дејство на алкохол, а во која вкупно биле откриени и санкционирани 27 прекршоци (ТЕ-24 и ГВ-3). Кај двајца возачи (ТЕ-1 и ГВ-1) биле измерени до два промили алкохол во организмот, а кај тројца (ТЕ) до еден и пол промили. Сите прекршители веднаш се исклучени од сообраќај и изготвени им се предвидените поднесоци во законот за безбедност на сообраќајот на патиштата со парични глоби од 225 до 370 евра во денарска противвредност, а ќе се соочат и со времено одземање на нивните возачки дозволи од три месеци до една година. Покрај ова, во акциската контрола биле санкционирани и 16 други видови сообраќајни прекршоци (ТЕ-8 и ГВ-8).

Во текот на изминатата вечер (09/10.12.2023), во периодот од 23.00 до 05.00 часот, на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 22 возачи. Од нив по 8 на територијата на Прилеп и Битола по 2 во Ресен „Демир Хисар и Крушево. За време на контролата биле санкционирани и 14 други видови прекршоци.

На 09/10.12.2023 во периодот од 23.00 до 05.00 часот на територијата на СВР Штип спроведена е акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. За време на контролата биле санкционирани 14 прекршоци.

На 09.12.2023 во 21.10 часот било пријавено дека во Нов Дојран, на ул.„Маршал Тито", патничко возило „шевролет" со гевгелиски регистарски ознаки, управувано од С.Ф.(26) од Гевгелија, удрило во пешакот Д.Г.(48) од Нов Дојран. На месото на несреќата починал пешакот, а стигнал констатирал лекар од Итната медицинска помош. Извршен бил увид од Јавен обвинител и увидна екипа од Полициската станица Гевгелија.

На 09.12.2023 во 13.30 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Буковиќ - с.Семенište, скопско се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Е.Р.(25) од с.Желино, тетовско и патничко возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Б.(27) од с.Буковиќ, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Ј.Б., а со лесни повреди се здобил неговиот сопатник Ц.Б.(27) од истото село, констатиран во Градската општа болница „8 Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.12.2023 во 19.45 часот било пријавено дека во Скопје, на бул.„Никола Карев", патничко возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.И.(34) од с.Студеничани, удрило во пешакот В.Б.(61) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила В.Б., констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.12.2023 во 17.10 часот било пријавено дека во Скопје, на крстосница од ул. „Пандил Шишков" и станбена улица која води на паркинг простор, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило кое го напуштило местото несреќата и мотоцикл „сузуки 750" со велешки регистарски ознаки, управуван од М.И.(31) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, констатиран во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.12.2023 во 14.50 часот во Полициската станица Карпош, А.К.(38) од Скопје пријавила дека во населбата „Момин Поток" била касната од куче скитник.

На 09.12.2023 во 21.00 часот во Полициската станица Карпош, М.Т.(45) од Скопје пријавила дека на ул.„Скупи" била касната од куче скитник.

На 09.12.2023 во 22.05 часот во Полициската станица Драчево, М.К.(57) од Скопје пријавил дека на ул.„Иван Хаџи Николов" бил каснат од куче скитник.

ОВР Радовиш поднесе кривична пријава против К.Ѓ.(34) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „примање поткуп". Пријавениот, вработен во Државен пазарен инспекторат - инспектор во Одделение за инспекциски надзор Струмица во Гевгелија, Валандово и Радовиш, во периодот од јуни до ноември 2023 година, во шест наврати од шест лица примил вкупно 21.000 денари и 150 евра за да не извршил службени дејствија.

На 09/10.12.2023 од 23.00 до 05.00 часот на подрачјето на СВР Охрид пресрежи се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале 11 возачи кои управуваат моторни возила под дејство на алкохол (Охрид - 04, Струга - 01, Кичево - 06). Тие веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

На 09.12.2023 во 23.30 часот било пријавено дека на бул.„Видоје Смилевски Бато" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „дено твинго", управувано од И.С.(42) од Скопје и автобус „ман", управуван од И.Ѓ.(56) од Скопје, двете со скопски регистарски ознаки. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на возилото, а со телесни повреди се здобила неговата сопатничка А.С.Т.(39) од Скопје, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 09.12.2023 околу 20.15 часот на автопатот „Пријателство", на патниот правец од Куманово кон Граничен премин „Табановце", во близина на с.Табановце, од страна на полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот биле затекнати 13 илегални мигранти од Сирија кои претходно биле истоварени од три патнички возила, по што возачите заедно со возилата го напуштиле местото. Известе е Јавен обвинител, а лицата мигранти биле пренесени во Транзитниот центар Табановце за понатамошна постапка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2023 во 13.00 часот, З.С.(62) од Кичево во надлежната полициска станица пријавил дека на улицата „Маршал Тито" во Кичево бил каснат од куче скитник. Истиот ден, во 16.15 часот, Б.Б.(55) и Х.П.(25), двајцата од Кичево, пријавија дека на улицата „Магистрален пат", односно на „Методија Стефановиќ" во Кичево, биле каснати од куче скитник.

Денеска (10.12.2023) во 04.50 часот во СВР Скопје Л.А.(20) од Скопје пријавил дека околу 03.20 часот во дискотека во Градскиот парк во Скопје, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (10.12.2023) во 01.30 часот во СВР Скопје М.Ј.(66) од Скопје пријавил дека на 09.12.2023 околу 23.30 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од П.П., кој бил со уште неколку лица, а поради претходни недоразбирања околу должничко-доверителски односи кој негоиот син ги имал со пријавениот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против М.Н.(58) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 04.10.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот и два локали на пријавениот, при што пронашле и одзеле кокаин.

На 09.12.2023 во 08.46 часот во СВР Скопје, Д.Н.(57) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2023 во 11.00 часот во СВР Скопје, К.Н.(39) од Скопје пријавила дека околу 09.00 часот на подрачјето на Гази Баба била физички нападнатa од Р.П.(39) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 09.12.2023 во 14.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Гази Баба, по претходни недоразбирања околу должничко-доверителски односи, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.К.(43) и Т.Т.(51), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Р.(28) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „Далсифицирање исправа", казниво по член 378 од Кривичниот законик. Имено, С.Р. набавил фалсификувана возачка дозвола за управување на моторни возила од В, С1, С, Ѓ, G и М категорија, со неговиот лични податоци, и таквата возачка дозвола на 16.08.2022 ја приложил при извршена сообраќајна контрола од страна на полициски службеници на патниот правец Скопје – Велес, при што било констатирано кривичното дело.

Денеска (10.12.2023) во 05.05 часот во СВР Скопје, А.С.(19) од Скопје пријавил дека околу 03.20 часот во дискотека во Градскиот парк во Скопје бил физички нападнат од три лица, меѓу кои и К.С., кој го познавал. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2023 во 15.10 часот во СВР Скопје, М.Т.(48) од Скопје пријавила дека околу 12.25 часот на подрачјето на Центар, незнната малолетна керка била физички нападнатa од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против К.Д.(33) од Радовиш, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 09.12.2022 рел казино во Радовиш, полициски службеници извршиле преглед над две лица, при што кај едното била пронајдена марихуана, за која изјавил дека ја купил од пријавениот. Набргу, пријавениот бил пронајден и при преглед кај него, исто така, била пронајдена и одземена марихуана.

На 09.12.2023 во 21.45 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.(40) од Скопје пријавил дека од домот се одалечил Б.Ј.(65), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.П.(34) од Куманово, М.К.(24) од Куманово, Д.Н.(34) од Штип, Д.Т.(27) од Куманово, С.М.(51) од Куманово и С.Ѓ. од Куманово, поради постоење на основи на сомнение дека пријавените го стореле кривичното дело „злосторничко здружување", „лихварство", „изнуда" и „незаконито влијание врз сведоци", второпријавениот за кривичните дела „лихварство" и „изнуда" в.в чл.24, додека трето, четврто, петто и шестопријавеното за кривичното дело „лихварство" в.в „помагање". Првопријавениот, откако создал и организирал група со намера за себе и за другите да прибави противправна имотна корист, искористувајќи им ја тешката имотна состојба на оштетени лица, со сопствени закани и присила присвојувал за себе и за групата значителна имотна корист. Во периодот од 2018 до 2023 година, првопријавениот незаконски давал позајмици на оштетени лица, преку префрлање на одредена сума на парични средства на оштетените или останатите пријавени ги префрлале паричните средства по наоски на првопријавениот, а потоа со присилба и изнуда барале да оштетените веднаш да ги подигнат паричните средства и половина од вредноста да ги дадат на пријавените, за потоа со несразмерна камата да ја враќаат позајмицата. Откако оштетените не можеле да го вратат долгот, пријавените со присилба и закани барале да склучат купопродажни договори на нотар со оштетените за разни движни и недвижни ствари, како гаранции за заемите. Дури и во случаи кога оштетените лица го вратиле долгот, првопријавениот и останатите продолжувале со закани, бараџки оштетените да го враќаат долгот со несразмерна камата и присилно, преку склучени договори на нотар, им биле префрлани движни и недвижни ствари како подарок.

На 09.12.2023 во 20.27 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Карпош, во објект на резиденција на дипломатско претставништво, во кој во моментот никој не престојувал, било влезено со употреба на сила. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 09.12.2023 во 10.11 часот во СВР Скопје, Ш.К.(58) од Скопје пријавил дека околу 09.30 часот на подрачјето на Чаир, во подрачјата простирија во неговата сопственост, пронашол торба во која имало пушка со неколку рамки. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото, при што било утврдено дека во торбата има една автоматска пушка, три рамки од автоматска пушка, 143 долги зрна, 21 кратко зрно. Извршен бил увид од увидна екипа, а пронајдените предмети се предадени за понатамошна постапка.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.Ј.(76) и Ј.Б.С.(35), двајцата од Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 11.07.2023, полициски службеници извршиле претрес во простории каде престојувале пријавените, при што пронашле и одзеле метанфетамин и МДМА.

На 09.12.2023 во 19.50 часот С.Е.(48) од с.Ростуше, гостиварско, пријавил дека околу 18.00 часот во Гостивар во салон за игри на среќа бил физички нападнат од лице вработено како обезбедување на објектот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.12.2023 во 13.00 часот Т.М.(44) од Гостивар пријавил дека на ул.„Илинденска" во Гостивар, едно лице со патничко возило „голф караван" со гостиварски регистарски ознаки, најпрвин удрило во неговото возило, а потоа физички го нападнало и му ја прегазило ногата. Извршен бил увид и се преземаат мерки за расчистување на настанот.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Д.Ш.(29) од Кичево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 05.05.2023 во Кичево, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 09.12.2023 во 16.00 часот С.С.(58) од Тетово пријавил дека околу 13.30 часот во Тетово, по претходни недоразбирања, бил физички нападнат од А.Б. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.